СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА

Информативен билтен

СЗПМ

Издание за спорт

## XXIX РЕГИОНАЛНИ ПЕНЗИОНЕРСКИ

## XXIX РЕПУБЛИЧКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ

# СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ 2025





комплекс "NEW STAR" - Визбегово

9 СЕПТЕМВРИ 2025

## Содржина

НА СПОРТСКАТА ОЛИМПИЈАДА 2025 ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА СОЈУЗОТ, СЕ СЛАВЕШЕ НЕЗАВИСНОСТА НА ДРЖАВАТА И ДЕНОТ НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА СО СПОРТ И ДРУЖЕЊЕ..................3

XXIX РЕПУБЛИЧКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ................................6

НАТПРЕВАРИ ВО 11 ДИСЦИПЛИНИ.......................................................................7

СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ И ТАБЕЛИ..................................................................24

XXIX РЕГИОНАЛНИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ ........................................................30

НАЈПОДГОТВЕНИ БЕА ПЕНЗИОНЕРИТЕ ОД ЗП ОХРИД И ДЕБРЦА.........................34

**Издавач:** Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија
**За издавачот:** Станка Трајкова и Добре Иванов
**Билтенот го подготвија:** Калина С. Андонова, Васил Пачемски и Здравко Петковски
**Ликовно-графичко обликување:** Томе Ангеловски
**Фото:** Лесански и архива на СЗПМ
**Печати: РИ-Графика - Скопје**
**Тираж:** 300 примероци

## ОРГАНИЗАЦИСКИ ОДБОР ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРИТЕ ВО 2025 ГОДИНА

1. **Станка Трајкова**, претседател на СЗПМ
2. **Добре Иванов**, претседател на Собранието на СЗПМ
3. **Менка Темелковска**, секретар на ИО на СЗПМ
4. **Здравко Петковски**, претседател на Комисијата за спорт на СЗПМ
5. **Никола Златески**, претседател на ЗП ОВР на РМ

## КОМИСИЈА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ПРИ СЗПМ

**Здравко Петковски**, претседател
**Љубица Кузмановска**
**Тодор Илиев**
**Пере Петрески**
**Љиљана Младеновска**
**Ристо Трајкоски**
**Петруш Соколов**
**Миле Боев**
**Љубинко Ристов**



# На Спортската Олимпијада 2025 во организација на Сојузот, се славеше Независноста на државата и Денот на пензионерите на Македонија со спорт и дружење



29–тите Републички пензионерски спортски натпревари 2025, во организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, на која учествуваа 40 здруженија од вкупно 53, членки на Сојузот, се одржаа на 9.9.2025 година во комплексот „New star“ во Скопје, Визбегово. На овој најмасовен спортски настан зедоа учество 328 пензионери спортисти кои на седумте регионални спортски натпревари се здобија со право на учество.

На 9. септември 2025 година, во присуство на 600 гости и пензионери се прославија и 34 години од независноста на Р Македонија и 79 години опстанување на пензионерското организирање во нашата држава.

Славењето беше уште поголемо бидејќи 29. републички пензионерски спортски натпревари се одржаа и во чест на 20. септември, Денот на пензионерите на Македонија.

Посебен печат на ова повеќекратно славење му дадоа високите гости од Република Словенија Н.Е. амбасадорот на Словенија во Македонија Грегор Прескер и претседателката и потпретседателот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Словенија, Зденка Јан и Станко Кранвогел, кои на овој свечен и масовен спортски настан му дадоа и меѓународен карактер.

Во убава и свечена атмосфера по интонирањето на химната присутните ги поздрави и натпреварувачите и им посака добредојде на гостите, на членовите на Извршниот одбор на Сојузот, претседателите на здруженијата на пензионерите, членки на СЗПМ, и другите гости, **Претседателката на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија Станка Трајкова** и при тоа рече:



– Почитувани спортисти–пензионери, почитувани гости, добредојдовте на 29–тите републички пензионерски спортски натпревари 2025 година, која година Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија (СЗПМ) ја прогласи за Година на еколошки пензионерски активности и затоа оваа година поканата за присуство на спортските игри, банерот на кој се претставени пензионери–спортисти од сите здруженија, членки на Сојузот, е во зелена боја, боја на природата. Исто така, почитувани, Републичките спортски натпревари прераснаа во традиција никната од цврсти темели и доградувана со желба за активен живот на пензионерската популација бидејќи пензионерите избраа живот и иднина. А, пензионер е оној кој работел, заработувал, создавал и смело зачекорил во третата доба практикувајќи ги и спортските активности, а Републичките спортски натпревари

се одржуваат, секогаш, пред Денот на пензионерите на Македонија, 20. септември.

Почитувани, нашите Републички спортски натпревари ги нарекуваме Републичка спортска олимпијада, а да се потсетиме дека олимписките игри започнале уште во 8–от век пред нашата ера. Тоа е долга историја на постоење што покажува дека спортот имал голема улога и значење за човештвото.

Почитувани спортисти и гости, на почетокот посебен поздрав упатувам до амбасадорот на Република Словенија во РС Македонија, господинот Грегор Прескер, кој со своето присуство му дава многу повисоко ниво на овој настан, за што особено сме му благодарни, до гостите од Словенија: претседателката на ЗДУС, Зденка Јан и потпретседателот Станко Кранвогел кои првпат се во Македонија, а кои во јуни оваа година беа домаќини на меѓународниот настан за меѓугенерациска соработка кога се потпиша Декларација од сите сојузи на земјите учеснички меѓу кои и СЗПМ од Р Македонија. Главното мото на настанот беше „НИШТО ЗА НАС, БЕЗ НАС“.

Поздрав упатувам и до Илија Ристески од кабинетот на министерот за спорт, кое министерство по својата дејност е најкомпатибилно од денешниот настан. Верувам дека тој веројатно ќе се изненади и воодушеви како ние возрасните масовно спортуваме.

Исто така, дозволете ми, да го поздравам и новиот претседател на Собранието на СЗПМ Добре Иванов, кој е првпат со нас на овие 29. републички спортски пензионерски натпревари.

Поздрав упатувам и до нашиот драг соработник професорот на Универзитетот „Мајка Тереза“ Даниел Павловски со кој завршивме еден а започнуваме нов проект, а пред нас се други заеднички проекти во интерес на корисниците на пензија.

Несомнено, поздрав заслужува и Здравко Петковски, претседател на Комисијата за спорт и рекреација во Сојузот, кој е доајен и е еден од креаторите на пензионерските спортски активности.

На настанот беше поканет и премиерот на Владата, Христијан Мицкоски, кој од објективни причини не е во можност да биде со нас, но ние оттука во огромна бројка на пензионери топло го поздравуваме и му посакуваме добро здравје и успех во работата.

Почитувани пријатели, значајно и накратко ќе потенцирам нешто за спортските игри на пензионерите кои започнале во далечната 1996 година, кога на 8 август раководството на Сојузот донело храбра одлука да се организираат републички спортски натпревари и оваа одлука била реализирана со одржување на првите републички спортски игри во Охрид, на кои победник бил домаќинот. Така, започнала пензионерската спортска сага и од тогаш до сега изграден и оформен е систем на спортување кај пензионерите на општинско, регионално и републичко ниво, кој ги сплотува пензионерите без оглед на нивната, етничка, верска и полова ориентација. Како што е познато на денешните 29–ти по ред регионални спортски натпревари им претходеа 7 региони спортски натпревари поврзувајќи ги пензионерите од едниот до другиот крај на нашата држава, спортувајќи во 11 дисциплини.

На регионалните натпревари беше присутен голем ентузијазам и желба да се победи, да се освои барем едно прво место за да се учествува на Републичките натпревари.

Оваа година на Републичките натпревари со свои натпреварувачи успееја да се квалификуваат 40 здруженија со вкупно 328 натпреварувачи, од кои 196 во машка и 132 во женска конкуренција.

Почитувани пријатели, ќе се согласите дека спортот нѐ ослободува од негативна енергија, ни помага да ја надминеме депресијата, анксиозноста, но ни помага и да ги прошириме нашите хоризонти на социјализација без оглед на возраста. Физички активен човек може полесно да ги исполнува секојдневните обврски како здрава и сестрана личност.

Од направената анализа од Сојузот, се констатира дека се зголемува бројот на учесниците, но има уште простор за вклучување на нови спортисти и затоа силно апелирам за новите пензионери да се вклучат во спортските активности, а здруженијата на пензионерите да најдат начини, односно модалитети преку афирмирање на спортските активности да привлечат и вклучат што повеќе корисници на пензија.

Во оваа прилика сакам да кажам дека СЗПМ и здруженијата на пензионери се граѓански организации кои постојат околу 79 години и се тампон меѓу власта и граѓанинот и ние само бараме слободен простор за да можеме без влијание да ги истакнуваме нашите барања и иницијативи и да влијаеме на политиките што се однесуваат на пензионерската популација.

Денес на 29–тите републички спортски натпревари очекувам фер спортување и нека победат најдобрите, но мислам дека најважно е да се учествува и да му се честита на победникот. Затоа, горда сум на сите вас што сите заедно кога е спортот во прашање градиме соживот и другарство. Спортувајте, радувајте се и поделете ја среќата со вашите колеги спортисти, бидејќи за време на спортските игри престанува негативната и се шири само позитивната енергија и затоа сите спортисти ја поддржуваат латинската мисла „MEN SANO IN KORPORA SANO“ што во превод значи „во здраво тело здрав дух“. Меѓутоа, покрај оваа мудра мисла, за денешната спортска арена важи и хеленската сентенција: ХИК РОДОС, ХИК САЛТА, „покажи овде што знаеш, на самото место“. Ги прогласувам за отворени 29–тите републички пензионерски спортски натпревари.



Со топли пријателски зборови, на присутните од словенечките пензионери поздрави им пренесе **Претседателката на ЗДУС Зденка Јан** која при тоа рече:

– Драги дами, господа и почитувани гости, ви посакувам на сите добар ден. Ми претставува големо задоволство и чест да ве поздравам, почитувани македонски пријатели пензионери, во име на нашите, односно на словенечките пензионери... Исклучително сум горда што нашиот амбасадор, г. Грегор Прескер, е исто така со нас, што значи дека тој нѐ почитува... Ние пензионерите заслужуваме почит, бидејќи заеднички создадовме социјално праведни темели за денешното општество и доколку ни се даде можност, ќе ги создадеме, ќе ги из–

градиме во иднина, заедно со младите луѓе, кои се нашата и секако вашата иднина, бидејќи пензионерите не сакаат да бидат минато, заедно со нив можеме да создадеме сегашност што може да биде убава со меѓусебно почитување. Сепак, свесни сме дека денешното општество ја слави убавината, младоста и богатството, сѐ што пензионерите немаат... Сите ние, почитувани пензионери, имаме мудрост, искуство и споделени убави спомени... Вие, пензионерите во Македонија, сигурно имате слични вредности и потреби. Потреби за прифаќање, почит, дружење и заеднички активности. Ги има многу, од спорт, култура, ракотворби, хорско пеење, до оние со хуманитарна нота, кога им помагаме на оние кои немаат ништо, кои не можат да си го дозволат тоа или едноставно се осамени... Сигурна сум дека истото е и со вас... дека ја предупредувате Владата да ве слушне и да ве земе предвид, бидејќи по пензионирањето не сме лишени од нашата способност за работа и можеме сами да одлучуваме за нашите потреби... ЗАТОА НИШТО ЗА НАС, БЕЗ НАС!

Јас и мојот колега Станко, мојот потпретседател, сме исклучително благодарни што денес можеме да бидеме дел од вашиот спортски настан, кој со задоволство ќе го гледаме... а исто така ќе чуеме од вас како работите, како живеете и се грижите едни за други... Уште еднаш, искрена благодарност за поканата и да, драги пензионери, пријатели од Македонија, останете здрави, поврзани и среќни, искрена желба ни е наскоро да се сретнеме во Словенија.



Потоа на присутните им се обрати **Илија Ристески од Министерството за спорт** кој рече:

– Почитувани пензионери, чест и задоволство ми е што сум присутен на овој ваш масовен пензионерски настан. Од името на Министерството ве поздравувам и на пензионерите спортисти им посакувам успех во дисциплините во кои ќе се натпреваруваат со желба овој настан да биде уште помасовен.

На присутните им се обрати на македонски јазик **Амбасадорот на Словенија во Македонија Н. Е. Грегор Прескер** кој рече:



– Добар ден на сите. Навистина сум среќен што денес можам да бидам тука со вас за првпат на спортските игри на пензионерите од вашата земја и многу сум горд што имате толку убава традиција на спортски игри, каде што се собираат пензионери од целата земја.

Исто така, многу сум среќен што воспоставивте нова плодна соработка помеѓу Здружението на пензионерските друштва на Словенија и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. Се надевам дека оваа соработка ќе продолжи. Би сакал да ве известам дека ја поддржувам оваа соработка, која многу ни значи, бидејќи како што знаете, постои многу развиена соработка помеѓу Словенија и Северна Македонија во сите области на политиката, економијата, развојната соработка, внатрешните работи, културата, образованието и друго.

Навистина сум среќен што имаме многу добра соработка меѓу пензионерите и се надевам дека оваа соработка ќе продолжи. Би било убаво доколку пензионерите од Словенија можат да дојдат тука следната година и да организираме заеднички меѓународен спортски настан, кој дефинитивно ќе го поддржиме. Тука сме за сѐ што треба. На спортистите им посакувам многу успеси и ферплеј, со желба оваа традиција да продолжи и наредните години. Благодарам многу.



На крајот на присутните им се обрати и **Здравко Петковски претседател на комисија за спорт и рекреација на ИО на СЗПМ** кој ги поздрави присутните и им даде упатства за начинот и локациите на кои треба да се упатат пензионерите–спортисти и рече:

– Сите ве поздравувам, а на учесниците – спортисти им посакувам успех. Сите сте добри во дисциплината во која ќе настапите, но ќе победат најподготвените.

На Здравко Петковски за особен придонес во реализирање на пензионерските активности во Сојузот во текот на 2024/2025 година и на Баки Зекири, директорот на комплексот „New Star" за успешна соработка во реализација на пензионерските активности, плакети им врачија Претседателката на СЗПМ Станка Трајкова и Претседателот на Собранието на СЗПМ Добре Иванов.

Потоа започнаа натпреварите во 11 дисциплини. Секој се трудеше да биде што подобар и поуспешен, за себе, но и за здружението кое го претставуваше.

По завршување на натпреварите им беа доделени медали на спортистите кои освоија прво, второ и трето место во сите 11 дисциплини мажи и во 9 дисциплини жени. Медалите ги доделуваа членови на Извршниот одбор на СЗПМ.

**На 29. републички спортски натпревари најдобри севкупни резултати постигна Здружението на пензионери од Охрид и Дебрца и го освои севкупниот пехар. ЗП Охрид и Дебрца има спортска традиција и повеќе пати било најдобро во минатото.**

Потоа на спортистите им беа поделени маици од НЛБ Банка со која Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија имаат долгогодишна успешна соработка. Маиците им ги додели Претседателката на Сојузот Станка Трајкова заедно со претседателот на Собранието на СЗПМ, Добре Иванов, кои изразија благодарност до НЛБ Банка за долгогодишната добра соработка.

**Како што е вообичаено на вакви масовни пензионерски настани по разни поводи, дружењето продолжи со песна и сите беа задоволни и се чувствуваа како победници во другарувањето.**

**Претседателката Трајкова на сите им го честиташе „Денот на пензионерите на Македонија", 20. септември!**

# Преглед на градовите и годините на одржаните Републички пензионерски спортски натпревари

| Година | Место на одржување | Број на учесници |
|---|---|---|
| 1996 | Охрид | 150 |
| 1997 | Гевгелија (Дојранско Езеро) | 350 |
| 1998 | Куманово (Кумановска Бања) | 500 |
| 1999 | Виница | 550 |
| 2000 | Ресен – Крани (Преспанско Езеро) | 800 |
| 2001 | Велес (Езеро „Младост“) | 600 |
| 2002 | Охрид – „Горица“ (Охридско Езеро) | 857 |
| 2003 | Кавадарци (Хотел „ФЕНИ“) | 1050 |
| 2004 | Струга „Еуротел“ | 1070 |
| 2005 | Велес (Езеро „Младост“) | 920 |
| 2006 | Ресен – Крани (Преспанско Езеро) | 1114 |
| 2007 | Велес (Езеро „Младост“) | 760 |
| 2008 | Радовиш (Спортски центар „Шампион“) | 800 |
| 2009 | Струга („Еуротел“) | 858 |
| 2010 | Радовиш (Спортски центар „Шампион“) | 900 |
| 2011 | Струга (Комплекс „Ливадишта“) | 1100 |
| 2012 | Скопје (комплекс „NEW STAR“) | 1150 |
| 2013 | Штип (комплекс „Македонка“) | 1380 |
| 2014 | Тетово (комплекс „Тетекс“) | 1008 |
| 2015 | Скопје (комплекс „NEW STAR“) | 1205 |
| 2016 | Радовиш (Спортски центар „Шампион“) | 1241 |
| 2017 | Кочани (Стадион „Никола Мантов“) | 1277 |
| 2018 | Радовиш (Спортски центар „Шампион“) | 926 |
| 2019 | Радовиш (Спортски центар „Шампион“) | 846 |
| 2021 | Велес (Стадион „Зоран Паунов“) | 266 |
| 2022 | Охрид („Билјанини Извори“) | 473 |
| 2023 | Тетово (Спортски комплекс с. Брвеница) | 647 |
| 2024 | Скопје (комплекс „NEW STAR“) | 659 |
| 2025 | Скопје (комплекс „NEW STAR“) | 600 |

***Број на учесници по години***



## XXIX РЕПУБЛИЧКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ



## ЕКИПНО МАЖИ

**I место**

### ЗП Пробиштип

1. Голуб Ѓорѓиевски
2. Дончо Христов
3. Горан Трајчев
4. Зоранчо Костов
5. Марјанчо Манев
6. Станко Иванов

**II место**

### ЗП Неготино

1. Стојанче Трајков
2. Душко Јанев
3. Трајче Јовановиќ
4. Драги Митров
5. Оливер Ѓошевски
6. Бранко Димов



**III место**

### ЗП Гази Баба

1. Марјанчо Петрушевски
2. Симо Стојанов
3. Стево Арсовски
4. Зоран Смилевски
5. Владо Илиевски
6. Сашо Јакимовски

Медалите ги врачи **Калина С. Андонова**
член на ИО на СЗПМ



# ЕКИПНО ЖЕНИ





За најдобра шахистка е прогласена **Лилјана Славевска** – ЗП Центар

I место

**ЗП Центар**

1. Лилјана Славевска
2. Благица Душкова

II место

**ЗП Ново Село**

1. Викторија Калпачка
2. Розе Калајџиевска

III место

**ЗП Куманово**

1. Загорка Трајановска
2. Дивна Јовановска



Медалите ги врачи **Горица Михајлова** член на ИО на СЗПМ



# ЕКИПНО МАЖИ

За најдобар шахист
е прогласен
**Томе Тодоровски**
– ЗП Битола







Медалите ги врачи **Даница Петличкова**
член на ИО на СЗПМ



**I место**

## ЗП Тетово

1. Михајло Илиќ
2. Шпенд Салиху
3. Ратко Трајаноски
4. Мехаз Мустафи

**II место**

## ЗП Штип

1. Дончо Јорданов
2. Андон Павлов
3. Димитар Данев
4. Митко Тодосиев

**III место**

## ЗП Битола

1. Томе Тодоровски
2. Тома Секуловски
3. Јован Јанков
4. Златко Талевски

## ЕКИПНО ЖЕНИ





За најдобар стрелец е прогласена **Ленче Мисајловска** – ЗП Тетово

**I место**

**ЗП Тетово**

1. Вера Шаини
2. Трајанка Петковска
3. Ленче Мисајловска

**II место**

**ЗП Гази Баба**

1. Светлана Поповска
2. Зорица Манесвка
3. Ана Ѓорѓиева

**III место**

**ЗП Охрид и Дебрца**

1. Бојкица Димоска
2. Јованка Ангелеска
3. Зора Илиеска



Медалите ги врачи **Здравко Петковски** претседател на комисијата за спорт и рекреација на СЗПМ



За најдобар стрелец
е прогласен
**Јовица Гелевски**
– ЗП Гази Баба



# ЕКИПНО МАЖИ



I место

**ЗП Велес**

1. Злате Димитров
2. Зоран Ѓоновски
3. Зоран Стојчевски



II место

**ЗП Гази Баба**

1. Јовица Гелевски
2. Драган Стефковски
3. Јово Митровски

III место

**ЗП Кичево**

1. Чедомир Митревски
2. Стојан Толевски
3. Родољуб Настевски

Медалите ги врачи **Здравко Петковски**
претседател на комисијата за
спорт и рекреација на СЗПМ



## ЕКИПНО ЖЕНИ





Најдобар стрелец во пикадо е прогласена **Сунца Ничовска** – ЗП Тетово

**I место**

**ЗП Охрид и Дебрца**

1. Снежана Јанеска
2. Мара Кепеска
3. Иванка Ѓиѓер



**II место**

**ЗП Пробиштип**

1. Мрија Живковиќ
2. Васка Данева
3. Љубица Јованова

**III место**

**ЗП Тетово**

1. Јованка Ристовска
2. Љуба Петровска
3. Сунца Начовска

Медалите ги врачи **Даница Петличкова** член на ИО на СЗПМ



Најдобар стрелец во пикадо е прогласен **Стојанче Мицевски** – ЗП Пробиштип



## ЕКИПНО МАЖИ




I место

### ЗП Пробиштип

1. Ристе Паланов
2. Томе Димитриевски
3. Стојанче Мицевски




II место

### ЗП Битола

1. Ице Кондиски
2. Владе Димовски
3. Тони Тасевски

III место

### ЗП Охрид и Дебрца

1. Миралем Билаловиќ
2. Борче Илиески
3. Љупчо Маркоски

Медалите ги врачи **Митко Стојаноски** член на ИО на СЗПМ





## ЖЕНИ до 60 години

Медалите ги врачи **Менка Темелковска**
секретар на ИО на СЗПМ



**I место**
**Цена Петровска**
од ЗП Тетово

**II место**
**Јовка Петрова**
од ЗП Пробиштип

**III место**
**Катерина Милошевска**
од ЗП Ресен

## ЖЕНИ над 60 години

Медалите ги врачи **Софија Симоска**
член на ИО на СЗПМ



**I место**
**Елица Јовановска**
од ЗП Гази Баба

**II место**
**Љупка Трифуноска**
од ЗП Охрид и Дебрца

**III место**
**Жаклина Николовска**
од ЗП Крушево



## МАЖИ до 60 години

Медалите ги врачи **Менка Темелковска**
секретар на ИО на СЗПМ

**I место**
**Мојсо Велевски**
од ЗП Битола

**II место**
**Трајче Николов**
од ЗП Кисела Вода

**III место**
**Петар Кочоски**
од ЗП Охрид и Дебрца




## МАЖИ над 60 години

Медалите ги врачи **Менка Темелковска**
секретар на ИО на СЗПМ

**I место**
**Ајдар Џелал**
од ЗП Чаир

**II место**
**Златко Петков**
од ЗП Валандово

**III место**
**Тодор Јовчевски**
од ЗП Тетово



## Дисциплина ФУДБАЛ - ПЕНАЛИ НА МАЛИ ГОЛЧИЊА



## ЕКИПНО ЖЕНИ

I место

**ЗП Тетово**

1. Софија Симовска
2. Мира Стевовска
3. Сјајна Јовчевска



II место

**ЗП Струга**

1. Марија Ѓура
2. Виолета Опетческа
3. Елена Младеновска

III место

**ЗП Битола**

1. Вера Мојсовска Ќосиќ
2. Драга Сариевска
3. Нада Најдовска

Медалите ги врачи **Снежана Андова**
член на ИО на СЗПМ





# ЕКИПНО МАЖИ



Медалите ги врачи **Олга Новачева**
член на ИО на СЗПМ

I место

**ЗП Вевчани**

1. Милутин Поповски
2. Јован Лазароски
3. Ѓоко Мурџевски

II место

**ЗП Лозово**

1. Ацо Ангелов
2. Благе Ѓорѓиевски
3. Ристе Давитков

III место

**ЗП Велес**

1. Перо Ранготов
2. Лазар Давитков
3. Владимир Зврцинов





## ЕКИПНО ЖЕНИ

I место

**ЗП Прилеп**

1. Зоре Абрашоска
2. Фанче Рулеска
– Николоска
3. Ангелина Костадиноска

II место

**ЗП Пробиштип**

1. Цвета Младеновска
2. Бранка Велкова
3. Јанѓа Тодосова

III место

**ЗП Ѓорче Петров**

1. Зорица Нешиќ
2. Благица Цветковска
3. Катерина Јовановска



Медалите ги врачи **Илија Ивановски**
член на ИО на СЗПМ



# ЕКИПНО МАЖИ



**I место**

## ЗП Штип

1. Никола Андонов
2. Трајче Јанев
3. Мијалче Панов

**II место**

## ЗП Велес

1. Ѓорѓи Петров
2. Ангелче Манев
3. Љубомир Теов

**III место**

## ЗП Куманово

1. Александар Евремовски
2. Ацо Божиновски
3. Томислав Ристовски




Медалите ги врачи **Илија Ивановски**
член на ИО на СЗПМ



## XXIX РЕПУБЛИЧКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ



### ЖЕНИ

**I место**
**Мирјана Андоновиќ**
од ЗП Куманово

**II место**
**Јонка Јоноска**
од ЗП Охрид и Дебрца

**III место**
**Ангелина Антевска**
од ЗП Солидарност – Аеродром

Медалите ги врачи **Митко Стојаноски**
член на ИО на СЗПМ



### МАЖИ

**I место**
**Насте Иваноски**
од ЗП Охрид и Дебрца

**II место**
**Борис Ковески**
од ЗП Прилеп

**III место**
**Живко Милев**
од ЗП Радовиш и Конче

## XXIX РЕПУБЛИЧКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ

### МАЖИ

I место
**Мендо Сиљановски**
од ЗП Демир Хисар

II место
**Зоран Јакимовски**
од ЗП Илинден

III место
**Дине Младеновски**
од ЗП Куманово



Медалите ги врачи **Никола Златевски**
претседател на ЗП ОВР на РМ





## XXIX РЕПУБЛИЧКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ

## ЖЕНИ

I место
**Мирјана Гогова**
од ЗП Струмица

II место
**Славица Тодевска**
од ЗП ОВР на РМ

III место
**Снежана Стевковска**
од ЗП Гази Баба

Медалите ги врачи **Илија Ивановски**
член на ИО на СЗПМ



## МАЖИ

I место
**Благој Марков**
од ЗП Велес

II место
**Дончо Кичев**
од ЗП Струмица

III место
**Евгенија Јовчевски**
од ЗП Струга

Медалите ги врачи **Илија Ивановски**
член на ИО на СЗПМ



## XXIX РЕПУБЛИЧКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ



# ЖЕНИ

Медалите ги врачи **Менка Темелковска** секретар на ИО на СЗПМ



### I место
**Миланка Панделеска**
од ЗП Охрид и Дебрца

### II место
**Живка Вулгаракис**
од ЗП Солидарност – Аеродром

### III место
**Борјана Ралиќ**
од ЗП Куманово

# МАЖИ

Медалите ги врачи **Горица Михајлова** член на ИО на СЗПМ



### I место
**Агим Дибра**
од ЗП Дебар и Центар Жупа

### II место
**Костадин Митев**
од ЗП Дојран

### III место
**Ацо Цветановски**
од ЗП Гази Баба

# ПРЕГЛЕД НА ЗДРУЖЕНИЈА ПО СПОРТСКИ ДИСЦИПЛИНИ ВО 2025

### СТРЕЛАШТВО

| МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|
| 1. Гази Баба | 1. Гази Баба |
| 2. ОВР на РМ | 2. Тетово |
| 3. Битола | 3. Прилеп |
| 4. Кичево | 4. Охрид и Дебрца |
| 5. Велес | 5. Неготино |
| 6. Куманово | 6. Пробиштип |
| 7. Струмица | 7. Штип |
| 8. ------- | 8. ------- |

### ДОМИНО

| МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|
| 1. Чаир | 1. Гази Баба |
| 2. ОВР на РМ | 2. ОВР на РМ |
| 3. Битола | 3. Крушево |
| 4. Струга | 4. Струга |
| 5. Велес | 5. Кавадарци |
| 6. Злетово | 6. Злетово |
| 7. Струмица | 7. Струмица |
| 8. ------- | 8. ------- |

### ПИКАДО

| МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|
| 1. Гази Баба | 1. Кисела Вода |
| 2. ОВР на РМ | 2. Тетово |
| 3. Битола | 3. Крушево |
| 4. Охрид и Дебрца | 4. Охрид и Дебрца |
| 5. Неготино | 5. Богданци |
| 6. Пробиштип | 6. Пробиштип |
| 7. Лозово | 7. Радовиш и Конче |
| 8. ------- | 8. ------- |

### ТАБЛА

| МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|
| 1. Гази Баба | 1. Солид. Аеродром |
| 2. ОВР на РМ | 2. Карпош |
| 3. Прилеп | 3. Прилеп |
| 4. Дебар и Центар Жупа | 4. Охрид и Дебрца |
| 5. Дојран | 5. Валандово |
| 6. Куманово | 6. Куманово |
| 7. Свети Николе | 7. Радовиш и Конче |
| 8. ------- | 8. ------- |

### ФРЛАЊЕ ЌУЛЕ

| МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|
| 1. Солид. Аеродром | 1. Солид. Аеродром |
| 2. Тетово | 2. Тетово |
| 3. Прилеп | 3. Ресен |
| 4. Охрид и Дебрца | 4. Охрид и Дебрца |
| 5. Кавадарци | 5. Велес |
| 6. Кратово | 6. Куманово |
| 7. Радовиш и Конче | 7. Штип |
| 8. ------- | 8. ------- |

### ФУДБАЛ - ПЕНАЛИ НА МАЛИ ГОЛЧИЊА

| МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|
| 1. Центар | 1. Гази Баба |
| 2. Сарај | 2. Тетово |
| 3. Прилеп | 3. Битола |
| 4. Вевчани | 4. Струга |
| 5. Велес | 5. Кавадарци |
| 6. Лозово | 6. Кратово |
| 7. Струмица | 7. Штип |
| 8. ------- | 8. ------- |

### ТРЧАЊЕ ДО 60 ГОД.

| МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|
| 1. Кисела Вода | 1. Кисела Вода |
| 2. Тетово | 2. Тетово |
| 3. Битола | 3. Ресен |
| 4. Охрид и Дебрца | 4. Охрид и Дебрца |
| 5. Велес | 5. Валандово |
| 6. Куманово | 6. Пробиштип |
| 7. Свети Николе | 7. ------- |
| 8. ------- | 8. ------- |

### КОШАРКА - СЛОБОДНИ ФРЛАЊА НА КОШ

| МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|
| 1. Центар | 1. Солид. Аеродром |
| 2. Гостивар | 2. Ѓорче Петров |
| 3. Битола | 3. Прилеп |
| 4. Кичево | 4. Струга |
| 5. Велес | 5. Гевгелија |
| 6. Куманово | 6. Пробиштип |
| 7. Штип | 7. Радовиш и Конче |
| 8. ------- | 8. ------- |

### ТРЧАЊЕ НАД 60 ГОД.

| МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|
| 1. Чаир | 1. Гази Баба |
| 2. Тетово | 2. Гостивар |
| 3. Битола | 3. Крушево |
| 4. Охрид и Дебрца | 4. Охрид и Дебрца |
| 5. Валандово | 5. Кавадарци |
| 6. Куманово | 6. Куманово |
| 7. Радовиш и Конче | 7. Лозово |
| 8. ------- | 8. ------- |

### СКОК ОД МЕСТО

1. Илинден
2. Тафталиџе
3. Демир Хисар
4. Охрид и Дебрца
5. Кавадарци
6. Куманово
7. Струмица
8. -------

### ШАХ

| МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|
| 1. Центар | 1. Центар |
| 2. Тетово | 2. Карпош |
| 3. Битола | 3. Прилеп |
| 4. Кичево | 4. Охрид и Дебрца |
| 5. Неготино | 5. Валандово |
| 6. Куманово | 6. Куманово |
| 7. Штип | 7. Ново Село |
| 8. ------- | 8. ------- |

### ТЕГНЕЊЕ ЈАЖЕ

1. Гази Баба
2. Тетово
3. Прилеп
4. Охрид и Дебрца
5. Неготино
6. Пробиштип
7. Свети Николе
8. -------

# ПРЕГЛЕД НА НЕПОСРЕДНИТЕ УЧЕСНИЦИ
## НА НАТПРЕВАРИТЕ - 2025

| Ред. бр. | Региони екипа | ДИСЦИПЛИНИ | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | Вкупно | | Сев-купно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Стрелаштво | | Шах | | Пикадо | | Тегнење јаже | | Фудбал | | Кошарка | | Фрлање ѓуле. | | Трчање до 60 г. | | Трчање над 60 г. | | Скок од место | Домино | | Табла | | | | |
| | 1 | 2 | | 3 | | 4 | | 5 | | 6 | | 7 | | 8 | | 9 | | 10 | | 11 | 12 | | 13 | | 14 | | 15 |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | м | ж | м | ж | м | ж | |
| **I Регион** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 1 | Гази Баба | 3 | 3 | | | | 3 | 6 | | | 3 | | | | | | | | 1 | | | 1 | 1 | | 10 | 11 | 21 |
| 2 | Центар | | | 4 | 2 | | | | | 3 | | 3 | | | | | | | | | | | | | 10 | 2 | 13 |
| 3 | Кисела Вода | | | | | 3 | | | | | | | | | | 1 | 1 | | | | | | | | 4 | 1 | 5 |
| 4 | Илинден | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | | | | 1 | – | 1 |
| 5 | Чаир | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | | 1 | | | | 2 | – | 2 |
| 6 | Сол. Аерод. | | | | | | | | | | | | 3 | 1 | 1 | | | | | | | | | 1 | 1 | 5 | 6 |
| **II Регион** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 7 | Тетово | | 3 | 4 | | | 3 | 6 | | | 3 | | | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | | | | | | | 13 | 11 | 24 |
| 8 | ОВР на РМ | 3 | | | | 3 | | | | | | | | | | | | | | | 1 | 1 | 1 | | 8 | 1 | 9 |
| 9 | Гостивар | | | | | | | | | | | 3 | | | | | | | 1 | | | | | | 3 | 1 | 4 |
| 10 | Ѓ. Петров | | | | | | | | | | | | 3 | | | | | | | | | | | | | 3 | 3 |
| 11 | Карпош | | | | 2 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | 3 | 3 |
| 12 | Тафталиџе | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | | | | 1 | – | 1 |
| 13 | Сарај | | | | | | | | | 3 | | | | | | | | | | | | | | | 3 | – | 3 |
| **III Регион** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 14 | Прилеп | | 3 | | 2 | 3 | | 6 | | 3 | | | 3 | 1 | | | | | | | | | 1 | 1 | 11 | 9 | 20 |
| 15 | Битола | 3 | | 4 | | 3 | | | | | 3 | 3 | | | 1 | 1 | | 1 | | | 1 | | | | 16 | 4 | 20 |
| 16 | Ресен | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | | | | | | | | 1 | 1 |
| 17 | Крушево | | | | | | 3 | | | | | | | | | | | | 1 | | | 1 | | | | 5 | 5 |
| 18 | Д. Хисар | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | | | | 1 | – | 1 |
| **IV Регион** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 19 | Охрид | | 3 | | 2 | 3 | 3 | 6 | | | | | | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | | | | 1 | 13 | 12 | 25 |
| 20 | Струга | | | | | | | | | | 3 | | 3 | | | | | | | | 1 | 1 | | | 1 | 7 | 8 |
| 21 | Кичево | 3 | | 4 | | | | | | | | 3 | | | | | | | | | | | | | 10 | – | 10 |
| 22 | Дебар | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | 1 | – | 1 |
| 23 | Вевчани | | | | | | | | | 3 | | | | | | | | | | | | | | | 3 | – | 3 |
| **V Регион** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 24 | Велес | 3 | 3 | | | | | | | 3 | 3 | 3 | | | | 1 | | 1 | 1 | | 1 | | | | 11 | 1 | 12 |
| 25 | Неготино | | 3 | 4 | | 3 | | 6 | | 3 | | | 7 | | | | 1 | | | | | | | | 12 | 10 | 22 |
| 26 | Богданци | | | | | | 3 | | | | | | | | | | | | | | | | | | – | 3 | 3 |
| 27 | Валандово | | | | 2 | | | | | | 3 | | | | | | 1 | 1 | | | | | | 1 | 1 | 7 | 8 |
| 28 | Кавадарци | | | | | | | | | | | | | 1 | | | 1 | | | 1 | | 1 | | | 2 | 2 | 4 |
| 29 | Дојран | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | 1 | – | 1 |
| 30 | Гевгелија | | | | | | | | | | | 3 | | | | | | | | | | | | | – | 3 | 3 |
| **VI Регион** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 31 | Куманово | | 3 | 4 | 2 | | | | | | | 3 | | | 1 | 1 | | 1 | 1 | 1 | | | 1 | 1 | 14 | 5 | 19 |
| 32 | Пробиштип | | 3 | | | 3 | 3 | 6 | | | | 3 | 3 | | | | | 1 | | | | | | 1 | 12 | 7 | 19 |
| 33 | Кратово | | | | | | | | | | 3 | | | 1 | | | | | | | | | | | 1 | 3 | 4 |
| 34 | Злетово | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | 1 | | | 1 | 1 | 2 |
| **VII Регион** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 35 | Штип | | 3 | 4 | | | | | | | 3 | 3 | | | 1 | | | | | | | | | | 7 | 7 | 14 |
| 36 | Радовиш | | | | | | 3 | | | | | | 3 | 1 | | | | 1 | | | | | | 1 | 2 | 7 | 9 |
| 37 | Струмица | 3 | | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | 1 | 1 | | | 5 | 1 | 6 |
| 38 | Лозово | | | | | 3 | | | | 3 | | | | | | | | | 1 | | | | | | 6 | 1 | 7 |
| 39 | Ново Село | | | | 2 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | – | 2 | 2 |
| 40 | Св. Николе | | | | | | | 6 | | | | | | | | 1 | | | | | | | 1 | | 8 | – | 8 |
| **VIII Регион** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 41 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 42 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 43 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 44 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | **Вкупно** | **21** | **21** | **28** | **14** | **21** | **21** | **42** | | **21** | **21** | **21** | **21** | **7** | **7** | **7** | **7** | **7** | **7** | **7** | **7** | **7** | **7** | **7** | **196** | **132** | **328** |

# ПЛАСМАН НА ЕКИПИТЕ
## НА XXIX СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ 2025

| Ред. бр. | Здружение | Освоени места | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Бр. на Дисцип. | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | вкупно бодови |
| 01 | Охрид и Дебрца | 13 | 3 | 2 | 3 | 2 | 2 | 1 | – | – | 100 |
| 02 | Тетово | 9 | 4 | – | 2 | – | 2 | 1 | – | – | 83 |
| 03 | Пробиштип | 7 | 2 | 3 | – | 1 | 1 | – | – | – | 69 |
| 04 | Гази Баба | 8 | 1 | 2 | 3 | – | 2 | – | – | – | 62 |
| 05 | Куманово | 11 | 1 | – | 4 | – | 3 | 2 | – | – | 62 |
| 06 | Битола | 9 | 1 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | – | – | 56 |
| 07 | Велес | 6 | 2 | 1 | 1 | 2 | – | – | – | – | 55 |
| 08 | Прилеп | 8 | 1 | 1 | – | 1 | 4 | – | – | – | 48 |
| 09 | Штип | 5 | 1 | 1 | – | 1 | – | – | 2 | – | 36 |
| 10 | ОВР на РМ | 5 | – | 1 | – | 3 | – | 1 | – | – | 28 |
| 11 | Центар | 4 | 1 | – | – | – | 1 | – | 2 | – | 26 |
| 12 | Струга | 4 | – | 1 | 1 | 1 | 1 | – | – | – | 26 |
| 13 | Струмица | 4 | 1 | 1 | – | – | – | 1 | 1 | – | 26 |
| 14 | Валандово | 4 | – | 1 | – | 2 | 1 | – | – | – | 23 |
| 15 | Радовиш и Конче | 5 | – | – | 1 | 1 | 2 | 1 | – | – | 23 |
| 16 | Солид.–Аеродром | 4 | – | 1 | 1 | – | 1 | 1 | – | – | 22 |
| 17 | Неготино | 4 | – | 1 | – | – | – | 2 | 1 | – | 21 |
| 18 | Кавадарци | 5 | – | – | – | 3 | – | – | 2 | – | 20 |
| 19 | Кичево | 3 | – | – | 1 | 1 | – | 1 | – | – | 18 |
| 20 | Кисела Вода | 3 | – | 1 | – | – | 1 | 1 | – | – | 16 |
| 21 | Вевчани | 1 | 1 | – | – | – | – | – | – | – | 15 |
| 22 | Лозово | 3 | – | 1 | – | – | – | – | 2 | – | 15 |
| 23 | Крушево | 3 | – | – | 1 | 1 | – | 1 | – | – | 15 |
| 24 | Чаир | 2 | 1 | – | – | – | – | – | – | – | 12 |
| 25 | Демир Хисар | 1 | 1 | – | – | – | – | – | – | – | 12 |
| 26 | Дебар и Центар Жупа | 1 | 1 | – | – | – | – | – | – | – | 12 |
| 27 | Ново Село | 1 | – | 1 | – | – | – | – | – | – | 10 |
| 28 | Гостивар | 2 | – | – | – | 1 | – | 1 | – | – | 09 |
| 29 | Кратово | 2 | – | – | – | – | 1 | – | 1 | – | 09 |
| 30 | Илинден | 1 | – | 1 | – | – | – | – | – | – | 08 |
| 31 | Ѓорче Петров | 1 | – | – | 1 | – | – | – | – | – | 08 |
| 32 | Дојран | 1 | – | 1 | – | – | – | – | – | – | 08 |
| 33 | Злетово | 2 | – | – | – | – | 1 | 1 | – | – | 07 |
| 34 | Свети Николе | 3 | – | – | – | – | 1 | 1 | – | – | 07 |
| 35 | Ресен | 1 | – | – | 1 | – | – | – | – | – | 06 |
| 36 | Сарај | 1 | – | – | – | – | – | 1 | – | – | 04 |
| 37 | Богданци | 1 | – | – | – | – | – | – | 1 | – | 03 |
| 38 | Гевгелија | 1 | – | – | – | – | – | – | 1 | – | 03 |
| 39 | Карпош | 1 | – | – | – | – | – | – | 1 | – | 02 |
| 40 | Тафталиџе | 1 | – | – | – | – | – | – | – | – | 00 |

# ТАБЕЛА НА ОСВОЕНИТЕ МЕДАЛИ

| Ред. број | ЗДРУЖЕНИЈА | ЗЛАТО | СРЕБРО | БРОНЗА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Охрид и Дебрца | 3 | 2 | 3 | 8 |
| 2. | Тетово | 4 | – | 2 | 6 |
| 3. | Пробиштип | 2 | 3 | – | 5 |
| 4. | Велес | 2 | 1 | 1 | 4 |
| 5. | Гази Баба | 1 | 2 | 3 | 6 |
| 6. | Битола | 1 | 1 | 2 | 4 |
| 7. | Куманово | 1 | – | 4 | 5 |
| 8. | Штип | 1 | 1 | – | 2 |
| 9. | Прилеп | 1 | 1 | – | 2 |
| 10. | Струмица | 1 | 1 | – | 2 |
| 11. | Центар | 1 | – | – | 1 |
| 12. | Вевчани | 1 | – | – | 1 |
| 13. | Чаир | 1 | – | – | 1 |
| 14. | Демир Хисар | 1 | – | – | 1 |
| 15. | Дебар и Центар Жупа | 1 | – | – | 1 |
| 16. | Струга | – | 1 | 1 | 2 |
| 17. | Солидар. – Аеродром | – | 1 | 1 | 2 |
| 18. | Неготино | – | 1 | – | 1 |
| 19. | Ново Село | – | 1 | – | 1 |
| 20. | Лозово | – | 1 | – | 1 |
| 21. | ОВР на РМ | – | 1 | – | 1 |
| 22. | Илинден | – | 1 | – | 1 |
| 23. | Кисела Вода | – | 1 | – | 1 |
| 24. | Валандово | – | 1 | – | 1 |
| 25. | Дојран | – | 1 | – | 1 |
| 26. | Кичево | – | – | 1 | 1 |
| 27. | Крушево | – | – | 1 | 1 |
| 28. | Ресен | – | – | 1 | 1 |
| 29. | Ѓорче Петров | – | – | 1 | 1 |
| 30. | Радовиш и Конче | – | – | 1 | 1 |
| | **ВКУПНО** | **22** | **22** | **22** | **66** |

## ПРЕГЛЕД НА ОСВОЕНИ МЕДАЛИ ПО РЕГИОНИ 2025

| Ред. број | Регион | ЗЛАТНИ | СРЕБРЕНИ | БРОНЗЕНИ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | I Регион | 3 | 5 | 4 | 12 |
| 2 | II Регион | 4 | 1 | 3 | 8 |
| 3 | III Регион | 3 | 2 | 4 | 9 |
| 4 | IV Регион | 5 | 3 | 5 | 13 |
| 5 | V Регион | 2 | 4 | 1 | 7 |
| 6 | VI Регион | 3 | 3 | 4 | 10 |
| 7 | VII Регион | 2 | 4 | 1 | 7 |
| 8 | VIII Регион | – | – | – | – |
| | **ВКУПНО** | **22** | **22** | **22** | **66** |

# ПРЕГЛЕД НА ОСВОЕНИТЕ МЕСТА И БОДОВИ НА НАТПРЕВАРИТЕ ВО 2025 ГОДИНА

| Освоено место | Здружение | Број на дисциплини | Освоени бодови |
|---|---|---|---|
| 1. | Охрид и Дебрца | 13 | 100 |
| 2. | Тетово | 09 | 83 |
| 3. | Пробиштип | 07 | 69 |
| 4. | Гази Баба | 08 | 62 |
| 5. | Куманово | 11 | 62 |
| 6. | Битола | 08 | 56 |
| 7. | Велес | 06 | 55 |
| 8. | Прилеп | 08 | 48 |
| 9. | Штип | 05 | 36 |
| 10. | ОВР на РМ | 05 | 28 |
| 11. | Центар | 04 | 26 |
| 12. | Струга | 04 | 26 |
| 13. | Струмица | 04 | 26 |
| 14. | Валандово | 03 | 23 |
| 15. | Радовиш и Конче | 05 | 23 |
| 16. | Солидарност – Аеродром | 04 | 22 |
| 17. | Неготино | 04 | 21 |
| 18. | Кавадарци | 05 | 20 |
| 19. | Кичево | 03 | 18 |
| 20. | Кисела Вода | 03 | 16 |
| 21. | Вевчани | 01 | 15 |
| 22. | Лозово | 03 | 15 |
| 23. | Крушево | 04 | 15 |
| 24. | Чаир | 01 | 12 |
| 25. | Демир Хисар | 01 | 12 |
| 26. | Дебар и Центар Жупа | 01 | 12 |
| 27. | Ново Село | 01 | 10 |
| 28. | Гостивар | 02 | 09 |
| 29. | Кратово | 02 | 09 |
| 30. | Илинден | 01 | 08 |
| 31. | Ѓорче Петров | 01 | 08 |
| 32. | Дојран | 01 | 08 |
| 33. | Злетово | 02 | 07 |
| 34. | Свети Николе | 03 | 07 |
| 35. | Ресен | 01 | 06 |
| 36. | Сарај | 01 | 04 |
| 37. | Богданци | 01 | 03 |
| 38. | Гевгелија | 01 | 03 |
| 39. | Карпош | 02 | 02 |
| 40. | Тафталиџе | 01 | 00 |

# СУДИИ ПО ДИСЦИПЛИНИ

## Стрелаштво

1. **Љубинко Ристов** – координатор – ЗП Ѓорче Петров
2. **Никола Кижевски** – судија – ЗП Кичево
3. **Гога Ангеловски** – судија – ЗП ОВР на РМ
4. **Ристо Гашпаров** – судија – ЗП Гази Баба
5. **Коста Димитров** – судија – ЗП Неготино

## Шах

**Шах - судии за мажи натпреварувачи**
1. **Богомир Јаневски** – судија – ЗП Центар
2. **Вадих Исмаили** – судија – ЗП Центар
3. **Стоилко Краинин** – судија – ЗП Ѓорче Петров

**Шах - судии за жени натпреварувачи**
1. **Славе Зафировски** – судија – ЗП Солидарност – Аеродром
2. **Атанас Иванов** – судија – ЗП Велес
3. **Душко Сурловски** – судија – ЗП Илинден

## Пикадо

**Пикадо - судии за мажи натпреварувачи**
1. **Цане Грбевски** – координатор – ЗП Битола
2. **Милан Георгиевски** – судија – ЗП Крива Паланка
3. **Владо Велјановски** – судија – ЗП Кичево
4. **Димитар Антиќ** – судија – ЗП Велес

**Пикадо - судии за жени натпреварувачи**
1. **Димитар Павловски** – судија – ЗП Крушево
2. **Љубомир Симовски** – судија – ЗП ОВР на РМ
3. **Гино Огненов** – судија – ЗП Битола
4. **Владимир Славевски** – судија – ЗП Гази Баба

## Тегнење јаже

1. **Петруш Соколов** – координатор – ЗП Кочани
2. **Наум Пултоски** – судија – ЗП Охрид и Дебрца
3. **Бесник Пиеча** – судија – ЗП Дебар и Центар Жупа
4. **Иван Кузманоски** – судија – ЗП Прилеп
5. **Васко Трпевски** – судија – ЗП ОВР на РМ
6. **Петруш Спасовски** – судија – ЗП Гази Баба

## Шутирање пенали на мали голчиња

1. **Миле Боев** – координатор – ЗП Валандово
2. **Васил Алаџајков** – судија – ЗП Солид. Аеродром
3. **Ристо Коџобанов** – судија – ЗП Велес
4. **Ремзи Реџепи** – судија – ЗП Чаир
5. **Злате Блажевски** – судија – ЗП Тетово

## Слободни фрлања на кош

1. **Пере Перески** – координатор – ЗП Демир Хисар
2. **Гале Бобаровски** – судија – ЗП Гостивар
3. **Богоја Неловски** – судија – ЗП Охрид и Дебрца
4. **Киро Арабаџиев** – судија – ЗП Струмица
5. **Јордан Теохаров** – судија – ЗП Радовиш и Конче

## Табла

1. **Тодор Илиев** – координатор – ЗП Солид. Аеродром
2. **Генц Кориу** – судија – ЗП Тетово
3. **Стефчо Китановски** – судија – ЗП Куманово
4. **Благој Ѓорѓиев** – судија – ЗП Битола
5. **Иван Цветановски** – судија – ЗП Гази Баба

## Домино

1. **Љиљана Младеновска** – координатор – ЗП Радовиш и Конче
2. **Јовица Ванчевски** – судија – ЗП Куманово
3. **Трифун Донев** – судија – ЗП Карпош
4. **Цвета Џабукова** – судија – ЗП Кисела Вода

## Атлетика - Трчање, Фрлање ѓуле, Скок од место

1. **Љубица Кузмановска** – координатор – ЗП Куманово
2. **Ристо Трајановски** – координатор – ЗП Охрид и Дебрца
3. **Благој Цветановски** – судија – ЗП Кратово
4. **Илија Трајанов** – судија – ЗП Радовиш и Конче
5. **Мице Мицески** – судија – ЗП Прилеп
6. **Трајко Тасев** – судија – ЗП Кавадарци
7. **Свето Димовски** – судија – ЗП Тетово
8. **Ратко Јанушев** – судија – ЗП Струмица

## КОМИСИЈА ЗА ПОПЛАКИ И ЖАЛБИ

1. **Здравко Петковски** – претседател
2. **Љубица Кузмановска** – член
3. **Ристо Трајковски** – член

## ПРВ РЕГИОН ДОМАЌИН ЗП БУТЕЛ

# Одлични услови и резултати



На 31 мај 2025 година ЗП Бутел беше домаќин на 29–тите регионални спортски натпревари на првиот регион на кој учествуваа здруженијата на пензионери од: Центар, Кисела Вода, Чаир, Солидарност – Аеродром, Гази Баба, Илинден, Шуто Оризари, Воените пензионери и домаќинот Бутел. Пред натпреварот прв се обрати и им посака добредојде претседателот на ЗП Бутел Љупчо Димовски, кој изрази задоволство што ова здружение е домаќин на регионалните спортски натпревари од првиот регион и им посака на натпреварувачите спортски успех и дружење.

Од името на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија на присутните им се обрати и срдечно ги поздрави, посакувајќи им добро здравје и исполнети пензионерски денови, секретарот на Извршниот одбор на СЗПМ, Менка Темелковска. Таа ја нагласи корисноста на физичката активност и спортувањето за луѓето од третата доба. Потоа ги прогласи 29–тите регионални спортски натпревари од првиот регион за отворени. Спортските натпревари се одвиваа во 11 дисциплини. Интересно е што владее голем интерес за спортување кај сите здруженија од овој регион. На натпреварите најмногу први места освоија спортистите од ЗП Гази Баба, кои триумфираа речиси во сите спортски дисциплини, кои и во минатите години покажуваа одлични резултати на полето на спортот. Убав успех имаа и сите други здруженија и како резултат на тоа сите се пласираа да учествуваат на спортската Олимпијада 2025 година.



По натпреварите учесниците се дружеа, каде што беа соопштени резултатите и доделени признанија на најдобрите спортисти.

## ВТОР РЕГИОН ДОМАЌИН ЗП ОВР на РМ

# Победа на другарувањето и спортувањето




На 27 мај 2025 година во Спортскиот рекреативен центар Сарај се одржаа 29–тите регионални пензионерски спортски натпревари од вториот регион, на кои домаќин беше здружението на пензионери на ОВР на РМ. На спортските игри учествуваа спортисти од здруженијата на ОВР на РМ, Тетово, Гостивар, Карпош, Тафталиџе, Ѓорче Петров и Сарај.

Спортските игри ги отвори претседателката на СЗПМ Станка Трајкова која ги поздрави присутните и им посака добро здравје и исполнети пензионерски денови, притоа ја нагласи корисноста од дружењето, физичката активност и спортувањето за пензионерите. Таа го пофали здружението, кое иако е мало на регионалните и републичките спортски натпревари постигнува резултати и освојува први места. На учесниците и на гостите добредојде им посака претседателот на ЗП ОВР на РМ Скопје Никола Златески кој изрази задоволство што ова здружение е домаќин на регионалните спортски натпревари од вториот регион. Им посака на натпреварувачите да дадат се од себе и да постигнат добри резултати.

Најдобри резултати постигнаа спортистите од ЗП Тетово со освоени 10 први места. На второ место се пласираа спортистите од ЗП ОВР со освоени пет први места, ЗП Карпош со освоени две први места, ЗП Гостивар две први места, ЗП Ѓорче Петров, ЗП Сарај и ЗП Тафталиџе со по едно прво место.



После натпреварите дружењето продолжи со забава каде беа соопштени постигнатите резултати и доделени дипломи за освоени први места и благодарници за учество на натпреварите. Беше убав ден исполнет со спорт, забава и убаво дружење со желба за постигнување на добри резултати и на Републичките пензионерски спортски натпревари.

## ТРЕТ РЕГИОН ДОМАЌИН ЗП КРУШЕВО

# Коректни и фер натпреварувања



Во организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, беше домаќин ЗП Крушево, а се одржаа на 1.6.2025 година. На 29–тите регионални пензионерски спортски игри од третиот регион учествуваа здруженијата на пензионерите од Крушево, Прилеп, Битола, Ресен и Демир Хисар.

Претседателот на ЗП Крушево Никола Атанасоски ги поздрави присутните спортисти, претседателката на СЗПМ Станка Трајкова, градоначалникот на Општина Крушево Томе Христоски, како и сите присутни на настанот и порача игрите да бидат коректни и фер. Тој посебно ја истакна одличната соработка со Сојузот како организатор на овие натпреварувања и одличната соработка со локалната самоуправа, посебно со градоначалникот. Натпреварувачите најсрдечно ги поздрави и градоначалникот на Општина Крушево Томе Христоски посакувајќи им добредојде и добро здравје во Крушево – градот на Илинден. Тој ѝ се заблагодари на Претседателката на Сојузот, Станка Трајкова, за нејзиниот придонес за развојот на пензионерското организирање, со уверување дека досегашната успешна соработка со ЗП Крушево и понатаму ќе продолжи да се унапредува, истакнувајќи го значењето на пензионерите за развојот на општината и рече:

– Задоволство е да се биде пред вас пензионерите кои имате големо работно искуство и вкоренет спортски дух. Вие ни давате пример на нас помладата генерација како треба да се негуваат, унапредуваат, развиваат и одржуваат спортските натпревари. Преку спортот се стекнуваат и нови пријателства, се разменуваат идеи и искуства за сите подрачја од животот, – посакувајќи игрите да поминат во добро расположение, со почитување на правилата за спортските игри, во фер атмосфера.

Присутните ги поздрави и Претседателката на Сојузот Станка Трајкова, посакувајќи им добро здравје, добро дружење и фер и коректни натпревари, при што го истакна значењето на спортските игри и спортот како можност за активно стареење и истакна:

– Потребно е спортските игри што повеќе да се омасовуваат, а особено со пензионерки. Спортските игри за пензионерите претставуваат место и за нивно дружење.

По своето обраќање ги прогласи спортски натпревари од третиот регион за отворени.

На натпреварите од третиот регион што се одржаа на 1.6.2025 година во Крушево во хотелот „Монтана“ и на спортскиот центар на хотелот, учествуваа вкупно 195 учесници од кои 153 спортисти односно спортуваа 94 мажи и 59 жени.

На победниците претседателката на Сојузот Станка Трајкова заедно со претседателот на ЗП Крушево Никола Атанасоски им доделија дипломи за освоени први места, а на здруженијата на пензионери учесници им доделија благодарници. По дисциплини најмногу први места освоија по 8, натпреварувачите од ЗП Битола и ЗП Прилеп. ЗП Крушево освои 3, ЗП Ресен освои 2 и едно Демир Хисар. На крајот со песна, музика и игри со веселба продолжи дружбата.

## ЧЕТВРТИ РЕГИОН ДОМАЌИН ЗП ОХРИД И ДЕБРЦА

# Охридските пензионери најдобри




На 11 јуни 2025 година на спортските терени на СРЦ „Билјанини Извори“ и на стрелиштето „Бејбунар“ во Охрид, се одржаа 29. регионални пензионерски спортски натпревари од 4 регион во организација на СЗПМ на кои домаќин беше ЗП Охрид и Дебрца.

На натпреварите учествуваа здруженијата на пензионери од Кичево, Македонски Брод, Лабуништа, Струга, Дебар и Центар Жупа, Вевчани и домаќинот Охрид и Дебрца. Во спортската сала „Билјанини извори“ во Охрид започнаа 29–тите регионални спортски натпревари од 4 регион во рамките на СЗПМ на кои на почетокот се обрати Васил Маркоски, претседател на ЗП Охрид и Дебрца, Кирил Пецаков, градоначалник на Општина Охрид, Менка Темелковска, секретар на СЗПМ која и ги отвори спортските натпревари а присутен беше и Здравко Петковски, претседател на Комисија за спорт при СЗПМ.



По сумирањето на спортските резултати од вкупно 22 дисциплини во машка и женска конкуренција први места освоија здруженијата на пензионери: Охрид и Дебрца 13, Кичево 3, Струга 4, Вевчани 1 и Дебар и Центар Жупа 1.

Им беа доделени дипломи на спортистите, освојувачи на првите места, во сите спортски дисциплини и благодарници на сите здруженија од 4 регион за нивното учество на заедничкото дружење.

## ПЕТТИ РЕГИОН ДОМАЌИН ЗП ВЕЛЕС

# Во здраво тело здрав дух





Годинава на 22 мај се одржаа 29–те регионални спортски натпревари од петтиот регион во организација на ЗП Велес, а се одржаа во Градско – огранок на ЗП Велес, во кој спаѓаат здруженијата на пензионери, Неготино, Кавадарци, Демир Капија, Гевгелија, Дојран, Богданци, Валандово и домаќинот Велес.

На присутните им се обрати претседателот на ЗП Велес Веле Алексоски, кој им посака добредојде и успешно натпреварување.

Средбите ги отвори секретарот на СЗПМ Менка Темелковска, а спортистите ги поздрави градоначалникот на Општина Градско Кире Нацков. Беше милина да се гледаат пензионерите спортисти како со ентузијазам настапуваа во своите дисциплини, а се одржаа на фудбалскиот стадион и на училишните терени каде беше прекрасно да се игра. Се настапуваше во трчање на 80 метри мажи, на 60 метри жени, фрлање на кош, шутирање на мали голчиња и мажи и жени, тегнење јаже – само мажи, фрлање ѓуле и мажи и жени, а во салонските игри беа застапени шах, пикадо, домино, табла, стрелање со воздушна пушка и мажи и жени.



Спортистите од ЗП Велес освоија 6 први места, Кавадарци освоија 5, Неготино 4, Валандово – 4 први и Гевгелија – 1 прво место.

Со ваквите резултати спортистите од трета доба покажаа дека за рекреација и спорт никогаш не е доцна. Оваа девиза ја реализираа и на вториот дел од игрите. На заедничката забава се играше и пееше неколку часа со желба за подобри резултати на идните спортски игри.

## ШЕСТИ РЕГИОН ДОМАЌИН ЗП ЗЛЕТОВО

# Најуспешни пензионерите од ЗП Куманово



На 25 мај 2025 година во Злетово се одржаа 29–тите регионални спортски натпревари од 6–от регион во организација на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија. А домаќин беше ЗП Злетово.

Најнапред од името на СЗПМ на присутните им се обрати посакувајќи им добро здравје и исполнети пензионерски денови, Претседателката на Сојузот Станка Трајкова, која ја нагласи корисноста од дружењето, физичката активност и спортувањето за луѓето од третата доба. Таа ги прогласи натпреварите за отворени и посака да победат подобрите.

На учесниците на спортските натпревари и на гостите им посака добредојде и претседателот на ЗП Злетово Димитар Милосов, кој изрази задоволство што ова здружение е домаќин на регионалните спортски натпревари од 6–от регион. Тој им посака на натпреварувачите да дадат се од себе и во вакво врнежливо време да постигнат добри резултати и да понесат убави спомени од Злетово.



Екипите се натпреваруваа во 11 дисциплини жени и мажи. Најдобри резултати постигнаа пензионерите спортисти од ЗП Куманово со освоени 11 први места. На второ место се пласираа пензионерите од ЗП Пробиштип, со освоени 7 први места, а на трето место со освоени две први места се ЗП Кратово и домаќинот ЗП Злетово.

По натпреварите пензионерите спортисти се дружеа каде што беа и официјално соопштени постигнатите резултати и доделени дипломи за освоените први места и благодарници за учество на натпреварите.

## СЕДМИ РЕГИОН ДОМАЌИН ЗП СТРУМИЦА

# Убава пензионерска спортска дружба



Во Струмица на 7 јуни 2025 година се одржаа 29. регионални спортски натпревари на пензионерите од седмиот регион во организација на СЗПМ. На овие регионални спортски игри покрај домаќинот ЗП Струмица, учествуваа и здруженијата на пензионери од: Радовиш и Конче, Ново Село, Штип, Лозово, Свети Николе. Најнапред срдечно и топло добредојде на гостите и учесниците на спортските натпревари им посака претседателката на ЗП Струмица Данче Даскаловска која изрази задоволство што ова здружение е домаќин на регионалните спортски натпревари од седмиот регион. Таа им посака на натпреварувачите да дадат се од себе, да постигнат што подобри резултати за себе, но и за своето здружение. Од името на СЗПМ се обрати и натпреварувачите ги поздрави претседателката на СЗПМ Станка Трајкова, која нагласи дека е потребно активно живеење во третата доба, а Сојузот со здруженијата тоа го поттикнуваат и организираат, посебно истакнувајќи ги активностите на пензионерите и нивното дружење. На учесниците им посака успех и регионалните спортски натпревари ги прогласи за отворени. Терените кои ги понуди струмичкото здружение се задоволителни за организација на вака големи настани, каде што се постигнаа одлични резултати.



Екипите се натпреваруваа во 11 дисциплини, мажи и жени, а најдобри резултати постигнаа спортистите пензионери од здруженијата на пензионери од Штип, Струмица и Радовиш и Конче кои освоија по 4 први места, Свети Николе и Лозово 3 и Ново Село едно освоено прво место. Со резултатите кои ги постигнаа пензионерите на овие регионални спортски игри, директно се пласираа на Републичките спортски натпревари, каде што ќе ги одмерат силите со спортисти–пензионери од цела Македонија. Спортските натпревари од 7–от регион завршија со заедничко дружење.

## ВКУПЕН БРОЈ НА НЕПОСРЕДНИ УЧЕСНИЦИ СПОРЕД ПОЛОТ

| | |
|---|---|
| Вкупно учествувале | 328 |
| Мажи | 196 |
| Жени | 132 |




### СПОРТСКИ ДИСЦИПЛИНИ НА НАТПРЕВАРИТЕ

| | |
|---|---|
| ШАХ | ТАБЛА |
| СТРЕЛАШТВО | ДОМИНО |
| ПИКАДО | КОШАРКА - СЛОБОДНИ ФРЛАЊА НА КОШ |
| ТРЧАЊЕ | ФУДБАЛ - ПЕНАЛИ НА МАЛИ ГОЛЧИЊА |
| ФРЛАЊЕ ЃУЛЕ | ТЕГНЕЊЕ ЈАЖЕ |
| СКОК ОД МЕСТО | |

# Најподготвени беа пензионерите од ЗП Охрид и Дебрца

Годинашнава 29–та републичка пензионерска олимпијада се одржа на 9 септември на терените кај хотелот „Њу Стар“ во Скопје, под услов да се отстранат сите недостатоци кои се појавија претходната година. По завршување на регионалните натпревари на 4.7.2025 година, Комисијата за спорт и рекреација ја одржа 12–тата редовна седница на која покрај другото расправаше и го усвои извештајот за одржаните регионални натпревари со што и практично започна со подготовките за одржување на републичките натпревари. На седницата беа утврдени и потврдени личните податоци на натпреварувачите кои се пласираа за учество на републичките натпревари и истите беа објавени во „Пензионер плус“. На 8.8.2025 се одржа седница на ИО на СЗПМ на која покрај другото на дневен ред беше и Извештајот за одржаните 29–ти регионални спортски натпревари кој беше едногласно усвоен со заклучок истиот да се достави до сите здруженија членки на СЗПМ. На истата седница ИО донесе Одлука Републичките натпревари да се одржат во Скопје во хотелот „Њу Стар“, единствен објект што има услови за одржување на ваков масовен натпревар, а за тоа придонесе и фактот што околу 65 до 70 пензионери не учествуваа од осмиот регион. На 19.8.2025 година, Комисијата  за спорт и рекреација ја одржа 13–тата седница на која се извршија конечните подготовки за организација и реализација на 29–тите републички пензионерски спортски натпревари и тоа: Утврдување на евентуални промени во составот на екипите, беа одредени судии за секоја спортска дисциплина, беа одредени координатори за секоја дисциплина, беше извршено ждребување за редоследот на настап на екипите или на поединците натпреварувачи поодделно за секоја спортска дисциплина, беше извршената ждрепка во дисциплините: шах, домино и табла по Бергеров систем, во дисциплината тегнење јаже беа формирани групи, а беше формирана и комисија за поплаки и жалби.



Како резултат на вака широки и темелни подготовки натпреварите се одвиваа беспрекорно успешно. Врз основа на сите согледувања во текот на подготовките организацискиот одбор ги извести здруженија чии натпреварувачи се пласираа заради нивно информирање за се што беше потребно а поврзано со натпреварите.

Пред голем број публика и свои навивачи на 29–тите републички натпревари не учествуваа здруженијата од 8–от регион поради познатите настани во Кочани, така на републичките натпревари настапија 328 натпреварувачи од кои 196 во машка и 132 во женска конкуренција од 40 здруженија во сите 11 спортски дисциплини.

Отворањето на натпреварот се изврши на подиумот кај базенот во пријатен амбиент, а на присутните со пригодни говори им се обратија: Претседателката на СЗПМ Станка Трајкова која и ги прогласи натпреварите за отворени; претседателката на Сојузот на пензионерите на Република Словенија Зденка Јан; амбасадорот на Република Словенија во Република Македонија Грегор Прескер, претставник од Министерството за спорт и млади Илија Ристески и на крајот на присутните им се обрати претседателот на Комисијата за спорт и рекреација при ИО на СЗПМ Здравко Петковски кој покрај другото присутните ги запозна со програмските активности и текот на натпреварите.




Прогласувањето на најдобрите поединци во дисциплините: гаѓање со воздушна пушка, шах и пикадо и врачувањето на пехарите се изврши во ресторанот пред сите гости а пехарите им ги врачија претседателот на Собранието на СЗПМ Добре Иванов и претседателот на Комисијата за спорт и рекреација Здравко Петковски. Исто така прогласувањето на севкупниот победник и врачувањето на преодниот пехар и пехарот за трајно сопственииштво се изврши во салата за ручање, а пехарите ги врачи Претседателката на СЗПМ Станка Трајкова.

Севкупен победник и освојувач на преодниот пехар е Здружението на пензионери Охрид и Дебрца со рекорден број на освоени бодови 100 од 13 дисциплини, пред ЗП Тетово со освоени 83 бодови од 9 дисциплини, трето е ЗП Пробиштип со 69 бодови од 7 дисциплини, четврти се  натпреварувачите од ЗП Гази Баба со 62 бода од 8 дисциплини колку што има и ЗП Куманово само што учествуваше во поголем број дисциплини  11.

За истакнување е резултатот на ЗП Пробиштип кое на натпреварот учествуваше само во седум дисциплини и се пласира на третото место освојувајќи притоа 2 златни и 3 сребрени медали.

Оваа година од вкупниот број здруженија (40) коишто учествуваа на републичките натпревари, 30 здруженија успеаја да освојат медали и тоа: 15 здруженија на пензионери освоија златни медали, 18 освоија сребрени медали и 13 здруженија освоија бронзени медали.

Најмногу 4 златни медали освои ЗП Тетово, Охрид и Дебрца 3, Пробиштип и Велес по 2 златни медала, а останатите 11 здруженија по 1 златен медал.

Најмногу медали освои ЗП Охрид и Дебрца 3 златни, 2 сребрени и 3 бронзени или вкупно 8 медали. На второ место е ЗП Тетово кое освои вкупно 6 медали, 4 златни и 2 бронзени.

Трето е ЗП Гази Баба со освоени 6 медали од кои 1 златна, 2 сребрени и 3 бронзени. Четврти се натпреварувачите од ЗП Пробиштип со освоени 5 медали од кои 2 златни и 3 сребрени.

Најуспешен регион оваа година е четвртиот регион со освоени вкупно 13 медали од кои 5 златни, 3 сребрени и 5 бронзени. Втор е првиот регион со освоени 12 медали од кои 3 златни, 5 сребрени и 4 бронзени и на третото место е шестиот регион со освоени 10 медали од кој 3 златни, 3 сребрени и 4 бронзени. Четврти се натпреварувачите од третиот регион со освоени вкупно 9 медали, петти се вториот регион со освоени вкупно 8 а петтиот и седмиот регион се шести со по 7 медали.

Потребно е да се истакне дека Здружението на пензионери на ОВР во целост и многу успешно ги исполни своите обврски околу подготовките на терените и како резултат на тоа и натпреварите протекоа и завршија мошне успешно без никакви проблеми за што ги заслужуваат сите пофалби.

Натпреварите завршија со предавање на преодниот пехар на победниците од ЗП Охрид и Дебрца на заедничката прослава. Со честитки за постигнатиот успех, пехарот им го врачи претседателката на СЗПМ Станка Трајкова. Видно возбуден, претседателот на ИО на Охридското здружение Васил Маркоски им се заблагодари на учесниците за вложениот труд и вети дека припадниците на ЗП Охрид и Дебрца и натаму ќе настојуваат да останат запаметени како победници. На победниците им се придружија и сите учесници на прославата пеејќи ја познатата песна за охриѓанката Лихнида, фатени во широко оро како што секогаш тоа знаат да го направат пензионерите изразувајќи ја својата радост што се дел од оваа свеченост.

**Здравко Петковски,**
**претседател на Комисијата**
**за спорт и рекреација**
















СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА

Информативен билтен

СЗПМ

Издание за спорт

# XXIX РЕГИОНАЛНИ ПЕНЗИОНЕРСКИ

# XXIX РЕПУБЛИЧКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ







**комплекс "NEW STAR" - Визбегово**

**9 СЕПТЕМВРИ 2025**